


ИЗДАНИЕ БР.48,
МЕСЕЦ ЈУЛИ 2023

# КАВ'ДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ПОСЛЕДНА ДЕЛНИЦА ОД ПРОЕКТОТ НА КФВ БАНКА ВО СОРАБОТКА СО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ И ЈП КОМУНАЛЕЦ. СЕ РАБОТЕШЕ ВО СЕЛО МАРЕНА, НА ПОСТАВУВАЊЕ НА НОВА АТМОСФЕРСКА И КАНАЛИЗАЦИОНА МРЕЖА, КАКО И ВОДОВОДНА ЛИНИЈА ВО ДОЛЖИНА ОД 400 МЕТРИ.





СЕ ПРОДОЛЖУВА СО МУЛЧИРАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ ПАТИШТА. СЕ РАБОТЕШЕ НА ЛОКАЛНИОТ ПАТ ДО С.ШИВЕЦ А ВО НАРЕДНИТЕ ДЕНОВИ ЌЕ СЕ ПРОДОЛЖИ И ДО ОСТАНАТИТЕ СЕЛА ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ.

ЗАВРШИ РЕКОНСТРУКЦИЈАТА НА УЛ. МАКСИМ ГОРКИ, КОЈА Е ВО РАМКИ НА "ПРОЕКТОТ ЗА ПОВРЗУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА" КОЈА СЕ ГРЕБЕШЕ, ПО ШТО НЕОДАМНА ЗАВРШИ И АСФАЛТИРАЊЕТО. УЛИЦАТА Е СО ДОЛЖИНА ОД 250МЕТРИ И ПОВРШИНА ОД 1530 М2.
НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ И СЕ ДОДЕЛЕНИ СРЕДСТВА ОД ВЛАДАТА НА МАКЕДОНИЈА ПРЕКУ ЗАЕМОТ НА СВЕТСКА БАНКА, ВО ИЗНОС ОД 1.112.010 ЕВРА КОЈ СЕ РЕАЛИЗИАРА ОД СТРАНА НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ, А СО ЦЕЛ ПОДОБРУВАЊЕ НА ЛОКАЛНАТА ПАТНА ИНФРАСТРУКТУРА. ВО ОВОЈ ПРОЕКТ СЕ И УЛИЦИТЕ "СЛОГА" „ДИМКАТА АНГЕЛОВ ГАБЕРОТ" И „ВЕЉКО ВЛАХОВИЌ" ВО ТРЕТА ФАЗА.
ИЗВЕДУВАЧ НА ПРОЕКТОТ СЕ ОСД СКОПЈЕ И ГРАДБА ПРОМЕ

ЧИСТЕЊЕ НА ДЕЛ ОД УЛ.КОСОВСКА. ПО ЦЕЛОСНО РАСЧИСТУВАЊЕ НА ОВА ЗЕМЈИШТЕ, ВО ВТОРА ФАЗА ЌЕ СЕ ПОСТАВАТ ДЕТСКИ РЕКВИЗИТИ ЗА РЕКРЕАЦИЈА И ХОРТИКУЛТУРНО ЌЕ СЕ УРЕДИ ПРОСТОРОТ.







ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ПРОДОЛЖУВА СО САНАЦИЈА НА ЛОКАЛНИ И ПОЛСКИ ПАТИШТА, СЕ САНИРАА ПАТИШТАТА ВО СЕЛО БРУШАНИ И ВИКЕНД НАСЕЛБАТА НА ТИКВЕШКО ЕЗЕРО ОВАА АКЦИЈА ЌЕ СЕ ОДВИВА И ВО ПРЕТСТОЈНИОТ ПЕРИОД.

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

СЕ ЧИСТЕШЕ ТАЛОЖНИКОТ НА УЛ.РИСТО ЏОНДЕВ ВО С. ВАТАША. СО ОВА ЧИСТЕЊЕ СЕ СПРЕЧУВА ИЗЛИВАЊЕ НА ГЛАВНИТЕ ПОРОЈНИЦИ ВО ГРАДОТ ПРИ ПООБИЛНИ ДОЖДОВИ.





СЕ ВРШИ ПОПЛОЧУВАЊЕ СО ПОВРШИНА ОД 800 МЕТРИ КВАДРАТНИ ВО С.БРУШАНИ. ОВАА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА Е ДЕЛ ОД ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА ЗА 2023 ГОДИНА. ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА АС МАШИНИ.

ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ОД СТРАНА НА АВСТРИСКА КОМПАНИЈА ИМАШЕ ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА НОВАТА ЕКОЛОШКА МУЛТИФУНКЦИОНАЛНА МОДУЛАРНА ВЕТЕРНА ТУРБИНА ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА. ТУРБИНА КОЈА МОЖЕ ДА СЕ ИНТЕГРИРА ВО ПОСТОЕЧКИТЕ СИСТЕМИ. ПРЕЗЕНТАЦИЈАТА БЕШЕ ОД ОТВОРЕН КАРАКТЕР ЗА СИТЕ ЗАИНТЕРЕСИРАНИ, НА КОЈА И СЕ РАЗВИ ДИСКУСИЈА ЗА МОЖНОСТИТЕ КОИ ГИ НУДИ ТУРБИНАТА КАКО ПОТЕНЦИЈАЛЕН ПРОИЗВОД ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕНЕРГИЈА. ПОСЛЕ ИСТАТА, СО ВРАБОТЕНИ ОД СЕКТОРОТ ЗА УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИТЕ НА ФИРМАТА ПОСЕТИЈА ПОВЕЌЕ ЛОКАЦИИ ВО ГРАДОТ, ПОТЕНЦИЈАЛНИ МЕСТА КАДЕ ШТО БИ МОЖЕЛО ДА СЕ ИНСТАЛИРААТ ВЕТЕРНИТЕ ТУРБИНИ И СЕ НАПРАВИ ДОГОВОР ДА СЕ ИЗВРШАТ ДОПОЛНИТЕЛНИ МЕРЕЊА НА НЕОПХОДНИТЕ ПАРАМЕТРИ НА ТИЕ МЕСТА, СО АПАРАТУРА ОД САМАТА ФИРМА.

СО ОВА СЕ ОТВОРА МОЖНОСТА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ДА БИДЕ МЕЃУ ПРВИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА ШТО ЌЕ ЗАПОЧНЕ ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ОД ВЕТЕР ЗА СОПСТВЕНИ ПОТРЕБИ.





ПОПЛОЧУВАЊЕ НА ДВЕ УЛИЦИ ВО СЕЛО КРЊЕВО, НА ПОВРШИНА ОД 250М2 И ПРИСТАПНА ПАТЕКА ДО ФУДБАЛСКОТО ИГРАЛИШТЕ, КАКО ДЕЛ ОД ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА ЗА 2023 ГОДИНА.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е АС МАШИНИ.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ



ВО ЗАВРШНА ФАЗА Е ИЗГРАДБАТА НА ПАРКОТ ЗА МИЛЕНИЦИ!
ЗА ПРВПАТ ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ДОБИВА ПАРК ЗА МИЛЕНИЦИ ВО КОЈ СЕ ПОСТАВЕНИ РЕКВИЗИТИ И СОДРЖИНИ ЗА МИЛЕНИЦИТЕ, КАКО И СООДВЕТНА УРБАНА ОПРЕМА. СО ИЗГРАДБАТА НА ОВОЈ ПАРК, ЌЕ ИМ СЕ ИЗЛЕЗЕ ВО ПРЕСРЕТ НА СОПСТВЕНИЦИТЕ НА ДОМАШНИ МИЛЕНИЦИ, СОЗДАВАЈЌИ СООДВЕТНИ УСЛОВИ ЗА НИВНА РЕКРЕАЦИЈА.
ИЗВЕДУВАЧ Е ФИРМАТА БЕТОН ГРУП М И М.

СО ПРОБИВАЊЕ НА УЛИЦАТА "25-ТИ МАЈ" СЕ ОТПОЧНА И СО ИЗГРАДБА НА ПОТПОРЕН ЅИД. ПОТПОРНИОТ ЅИД Е СО ДОЛЖИНА ОД 18 МЕТРИ И ВИСИНА ОД 6 МЕТРИ. ПО ИЗГРАДБАТА НА ЅИДОТ НА ИСТАТА УЛИЦА СЕ ПОСТАВУВА И КОМПЛЕТНА ПОДЗЕМНА ИНСТАЛАЦИЈА, ВОДА И АТМОСФЕРСКА И ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА.





СЕ ВРШИ РЕДОВНА ДЕРАТИЗАЦИЈА ПРОТИВ ГЛОДАРИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ.

СЕ ПОСТАВУВАШЕ НИСКОНАПОНСКА МРЕЖА ЗА ЛЕД УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ НА УЛ.ДОМОВИЦА. СЕ РАБОТЕШЕ НА ДОЛЖИНА ОД 430 МЕТРИ, СЕ ПОСТАВУВААТ 18 СВЕТИЛКИ СО МОЌНОСТ ОД 35 ВАТИ.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ОЈА ДООЕЛ А ФИНАНСИСКАТА ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ Е 1 600 000 ДЕНАРИ.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

РЕШЕН Е ПРОБЛЕМОТ СО КАНАЛИЗАЦИЈА ВО МАРЕНА.
ВО ЕДЕН ДЕЛ, КАДЕ ШТО ЖИТЕЛИТЕ СЕ СООЧУВАА СО ДОЛГОГОДИШЕН ПРОБЛЕМ СО КАНАЛИЗАЦИЈА, СО ИНТЕРВЕНЦИЈА ОД СЛУЖБИТЕ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ И ЈП КОМУНАЛЕЦ, ПРОБЛЕМОТ Е ЦЕЛОСНО РЕШЕН.





ЗАВРШИ ИЗГРАДБАТА НА ПОТПОРЕН ЅИД НА УЛ. БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ СО ДОЛЖИНА ОД 30 МЕТРИ. ПОТПОРНИОТ ЅИД СЕ ГРАДИ СЕ СО ЦЕЛ БЕЗБЕДНОСТ НА ПЕШАЦИИТЕ И ИЗГРАДБА НА НОВ ТРОТОАР И ОГРАДА.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ГРАДБА ПРОМЕТ.

ПЕРИОДОВ СЕ ВРШИ САНИРАЊЕ НА УДАРНИ ДУПКИ ВО ЦЕНТРАЛНОТО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ. ОД ПРЕДВИДЕНИТЕ 2200 МЕТРИ КВАДРАТНИ СЕ АСФАЛТИРАА 1300 МЕТРИ КВАДРАТНИ.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ИЗОЛАЦИЈА.





ОПШТИНА КАВАДАРЦИ КОНТИНУИРАНО РАБОТИ НА САНИРАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ ПОЛСКИ ПАТИШТА.
ПО БАРАЊЕ НА МЕСНАТА ЗАЕДНИЦА ДРЕНОВО, СЕ РАБОТЕШЕ НА САНИРАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ ПОЛСКИ ПАТИШТА ВО С.ДРЕНОВО.

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ЗАПОЧНА САНАЦИЈАТА И РЕКОНСТРУКЦИЈАТА НА КРОВОТ НА ДОМ НА КУЛТУРА. ПРОЕКТОТ Е ДЕЛ ОД ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА ЗА 2023 ГОДИНА.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА МЕТАЛ АПОСТОЛОВ





АСФАЛТИРАЊЕ НА УЛ."9 ТИ МАЈ" СО ПОВРШИНА ОД 400 МЕТРИ КВАДРАТНИ. СЕ РЕАЛИЗИРАШЕ ДЕЛ ОД ДОГОВОР ОД ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА ЗА 2023 ГОДИНА. ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ГРАДБА ПРОМЕТ.

ВО СОРАБОТКА СО ОПШТИНА ЧАШКА А СЕ СО ЦЕЛ ПОДОБРУВАЊЕ НА ПРИСТАПОТ ДО МАНАСТИРОТ СВ.ПЕТАР И ПАВЛЕ, СЕ САНИРАШЕ ПАТОТ ДО МАНАСТИРОТ ВО С.БИСТРИЦА. НА ТЕРЕН РАБОТЕА БУЛДУЖЕР, ДВА КИПЕРИ И СКИП, ДОНАЦИЈА ОД АС МАШИНИ И ЈА МИ КАВАДАРЦИ.





ЗАПОЧНА АСФАЛТИРАЊЕТО НА УЛ. 25-ТИ МАЈ ОДНОСНО НА ЕДЕН ОД КРАЦИТЕ 5/1, КРАК 5 НА ПОВРШИНА ОД 1200М2, ОТКАКО ПРЕТХОДНО ИСТАТА БЕШЕ ПРОБИЕНА И ТАМПОНИРАНА НА ПОВРШИНА ОД 2500М2, И БЕШЕ ПОСТАВЕНА ВОДОВОДНА ЛИНИЈА, ФЕКАЛНА И АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА И КОМПЛЕТНО НОВО ОСВЕТЛУВАЊЕ.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ГРАДБА ПРОМЕТ

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ



СЕ ПОСТАВУВА АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА ВО МАРЕНА. ВО ДОЛЖИНА ОД 300М ВО СКЛОП НА ПРВАТА ДЕЛНИЦА, ДОДЕКА ВО ВТОРАТА ДЕЛНИЦА СЕ ЗАПОЧНА СО ПОСТАВУВАЊЕ НА АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА ВО ДОЛЖИНА ОД 500М, ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА ВО ДОЛЖИНА ОД 500М И ВОДОВОДНА ЛИНИЈА ВО ДОЛЖИНА ОД 330 МЕТРИ. СО ОВИЕ ДВЕ ДЕЛНИЦИ ЌЕ БИДЕ РЕШЕН ДОЛГОГОДИШНИОТ ПРОБЛЕМ НА ГРАЃАНИТЕ.
ДЕЛ ОД ПРОЕКТОТ ФИНАНСИРАН ОД КФВ БАНКА, ВО СОРАБОТКА СО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ И ЈП КОМУНАЛЕЦ.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ЖИКОЛ

СОГЛАСНО ДОГОВОРОТ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА, СЕ ЗАПОЧНА СО ПОСТАВУВАЊЕ НА 84 КОРПИ ЗА ОТПАДОЦИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА АС МАШИНИ, А ФИНАНСИСКАТА ВРЕДНОСТ Е 420 000 ДЕНАРИ.





ЗАПОЧНА БЕТОНИРАЊЕТО НА ПАТОТ ОД КРУНАТА НА БРАНАТА КОН НАСЕЛБА ГОЛЕШ, НА ПОВРШИНА ОД 900М2, КАКО ДЕЛ ОД ПРОГРАМАТА НА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА ЗА 2023 ГОДИНА.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е АС МАШИНИ ДООЕЛ.

Ј.П. КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ ЗАПОЧНА СО АФАЛТИРАЊЕ НА РОВОТ НА УЛ. БРУШАНСКА, ОДНОСНО ПРОКОПИ КАДЕ ПРЕТХОДНО БЕШЕ РЕКОНСТРУИРАНА КАНАЛИЗАЦИОНАТА ЛИНИЈА ВО ДОЛЖИНА ОД 180 МЕТРИ.КАВАДАРЦИ ЗА СИТЕ!





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

НА УЛ. 27 МАРТ ВО НАСЕЛБА ГЛИШИЌ, ПРОДОЛЖУВА РЕКОНСТРУКЦИЈАТА НА АТМОСФЕРСКАТА КАНАЛИЗАЦИЈА, ОТКАКО ПРЕТХОДНО БЕШЕ АСФАЛТИРАН РОВОТ И РЕКОНСТРУИРАНА ФЕКАЛНАТА КАНАЛИЗАЦИЈА ВО ДОЛЖИНА ОД 500 МЕТРИ, И СЕ ОВОЗМОЖИ ДОВОД НА ВОДА ЗА СПОРТСКИОТ ТЕРЕН. ИНВЕСТИЦИЈА НА ЈП КОМУНАЛЕЦ ПО ПОГРАМАТА ЗА 2023 ГОДИНА, ВО ВИСИНА ОД 6 МИЛИОНИ ДЕНАРИ.








ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ЗАЕДНО СО СЛУЖБИ ОДГОВОРНИ ЗА ЗЕЛЕНИЛО ОД ЈП КОМУНАЛЕЦ, ПОДГОТВУВААТ НОВА ЗЕЛЕНА ПОВРШИНА ОКОЛУ ЗГРАДИТЕ НА БУЛЕВАР ЦВЕТАН ДИМОВ, ПО ШТО СЕ ПЛАНИРА ДА СЕ ОЗЕЛЕНИ ЦЕЛИОТ ПРОСТОР ОКОЛУ ЗГРАДИТЕ СО НОВ СИСТЕМ ЗА НАВОДНУВАЊЕ НА ТРЕВАТА.

СЕ ПРОДОЛЖУВА СО ПРИКЛУЧОЦИ ЗА ГЛАВНАТА ВОДОВОДНА ЛИНИЈА ВО НАСЕЛБА БРУШАНИ КОЈА ТАВ ЈА РЕАЛИЗИРАШЕ КАКО ГРАНТ ЗА ОПШТИНАТА, И ДЕЛ ОД НЕА ВО ИЗНОС ОД 5.000.000 ДЕНАРИ КАКО ИНВЕСТИЦИЈА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ.






СЕ БЕТОНИРААТ КРИЛНИТЕ ЅИДОВИ НА КОНСТРУКЦИЈАТА ЗА ПРЕМИН НА КОЛЕКТОРСКИОТ СИСТЕМ ПРЕКУ РЕКА ЛУДА МАРА, СО ШТО ЌЕ СЕ ДОБИЕ РЕГУЛИРАНО РЕЧНО КОРИТО КОЕ НЕМА ДА ГО ОШТЕТУВА КОЛЕКТОРОТ ВО ИДНИНА.

ОД СЕКТОРОТ ЗА УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, ПОСТАВЕН Е АНЕМОМЕТАР (УРЕД ЗА МЕРЕЊЕ НА БРЗИНАТА НА ВЕТЕРОТ) НА ПРВАТА ПРЕДВИДЕНА ЛОКАЦИЈА. ЦЕЛТТА Е ПРЕКУ МЕРЕЊА ДА СЕ ДОБИЈАТ ТОЧНИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ЕФИКАСНИ ЛОКАЦИИ КАДЕ БИ СЕ МОНТИРАЛЕ ВЕТЕРНИ ТУРБИНИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

СЛУЖБИ ОД СЕКТОРОТ ЗА УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ ПРИ ОПШТИНА КАВАДАРЦИ РАБОТЕА НА ПРОМЕНА НА ПРЕГОРЕНИТЕ СВЕТИЛКИ И РЕШАВАЊЕ НА ДЕФЕКТИ ВО СЕЛАТА МРЕЖИЧКО,МАЈДЕН И РОЖДЕН.




АСФАЛТИРАЊЕ НА УЛ. ДОМОВИЦА, НА ПОВРШИНА ОД 3000М2, ОТКАКО ПРЕТХОДНО БЕШЕ ПРОБИЕНА, РЕКОНСТРУИРАНА И НА ИСТАТА БЕШЕ ПОСТАВЕНА ФЕКАЛНА, АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА, КАКО И ВОДОВОДНА МРЕЖА.
ИЗВЕДУВАЧ Е ВЕ ГРУПА, РАДОВИШ





ПО ИНИЦИЈАТИВА НА ТППЕ КАВАДАРЦИ ВО СОРАБОТКА СО МАКЕДОНСКИ ШУМИ ПОДРАЧНА ЕДИНИЦА БОР КАВАДАРЦИ, ЈП КОМУНАЛЕЦ И МОЈ ОПШТИНАР И ПРОДОЛЖУВА АКЦИЈАТА ЗА РЕВИТАЛИЗАЦИЈА НА НЕКОИ ЗАПУШТЕНИ ПОЛСКИ ПАТИШТА И ПАРЦЕЛИЗАЦИЈА НА МЕСНОСТА ЉУБАШ СЕ СО ЦЕЛ ПРЕВЕНТИВНА ЗАШТИТА ОД ПОЖАРИ.





ПО ИНИЦИЈАТИВА НА ТППЕ КАВАДАРЦИ ВО СОРАБОТКА СО МАКЕДОНСКИ ШУМИ ПОДРАЧНА ЕДИНИЦА БОР КАВАДАРЦИ, ЈП КОМУНАЛЕЦ И МОЈ ОПШТИНАР СЕ ЗАПОЧНА СО АКЦИЈА ЗА РЕВИТАЛИЗАЦИЈА НА НЕКОИ ЗАПУШТЕНИ ПОЛСКИ ПАТИШТА И ПАРЦЕЛИЗАЦИЈА НА МЕСНОСТА ЉУБАШ СЕ СО ЦЕЛ ПРЕВЕНТИВНА ЗАШТИТА ОД ПОЖАРИ.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, ДВА ДЕНА ПО РЕД ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ ЗАЕДНО СО СЛУЖБИ ОД ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА, ПРЕТСТАВНИЦИ ОД ЈП КОМУНАЛЕЦ И МОЈ ОПШТИНАР, ИМАШЕ ПРИЕМЕН ДЕН ЗА ГРАЃАНИТЕ. СЕ РАЗГОВАРАШЕ ЗА НИВНИТЕ ПРОБЛЕМИ, НО И ПРЕДЛОЗИ, СУГЕСТИИ И ЗАБЕЛЕШКИ ВО ДЕЛОТ НА УРБАНИЗМОТ, КОМУНАЛНАТА ИЗГРАДБА, КАКО И НА ДРУГИ ТЕМИ.







СЕ ПРОБИ УЛ. ЦРНОРЕЧКА. ВО НАРЕДНА ФАЗА ЌЕ СЕ ПОСТАВИ ВОДОВОДНА МРЕЖА И КАНАЛИЗАЦИОНА ЛИНИЈА ПО ШТО ЌЕ СЛЕДУВА АСФАЛТИРАЊЕ НА ИСТАТА.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ГРАДБА ПРОМЕТ.

ВТОРАТА ДЕЛНИЦА ОД ПРОЕКТОТ НА КФВ БАНКА, КОЈА ГИ ОПФАЌА БУЛЕВАРИТЕ МАКЕДОНИЈА, НИКОЛА МИНЧЕВ И ЦВЕТАН ДИМОВ, СО КОЈА СЕ ПОСТАВУВАШЕ АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА Е ВО ЗАВРШНА ФАЗА. ЗАПОЧНА АСФАЛТИРАЊЕТО НА БУЛ.НИКОЛА МИНЧЕВ.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ЖИКОЛ





ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ЗАЕДНО СО СЛУЖБИ ОДГОВОРНИ ЗА ЗЕЛЕНИЛО ОД ЈП КОМУНАЛЕЦ, ПРОДОЛЖУВААТ СО РАБОТА НА БУЛЕВАР ЦВЕТАН ДИМОВ, ОКОЛУ ЗГРАДИТЕ ЗА ПОДИГАЊЕ НА НОВИ ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ И ПОСТАВУВАЊЕ НА НОВА ВОДОВОДНА МРЕЖА.

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

СЕ ПРОДОЛЖУВА СО САНИРАЊЕ НА УДАРНИ ДУПКИ И ПРОКОПИ, ОПФАТЕНИ ОКОЛУ 300 М2 ВО СЕЛО ДРЕНОВО.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ИЗОЛАЦИЈА.





ЗАПОЧНА ПОПЛОЧУВАЊЕТО НА УЛИЦИ ВО СЕЛО РЕСАВА НА ПОВРШИНА ОД 400М2, КАКО ДЕЛ ОД ПРОГРАМАТА НА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА ЗА 2023 ГОДИНА.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА АС МАШИНИ.

АСФАЛТИРАЊЕ НА УЛИЦА СЛОГА НА ПОВРШИНА ОД 1900М2, КОЈА Е ВО РАМКИ НА "ПРОЕКТОТ ЗА ПОВРЗУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА".
НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ И СЕ ДОДЕЛЕНИ СРЕДСТВА ОД ВЛАДАТА НА МАКЕДОНИЈА ПРЕКУ ЗАЕМОТ НА СВЕТСКА БАНКА, ВО ИЗНОС ОД 1.112.010 ЕВРА КОЈ СЕ РЕАЛИЗИРА ОД СТРАНА НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ, А СО ЦЕЛ ПОДОБРУВАЊЕ НА ЛОКАЛНАТА ПАТНА ИНФРАСТРУКТУРА. ВО ОВОЈ ПРОЕКТ СЕ И УЛИЦИТЕ „ДИМКАТА АНГЕЛОВ ГАБЕРОТ" И „ВЕЉКО ВЛАХОВИЌ" ВО ТРЕТА ФАЗА.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ СЕ ОСД СКОПЈЕ И ГРАДБА ПРОМЕТ.







СЕ ПОСТАВУВАШЕ СООБРАЌАЈНА СИГНАЛИЗАЦИЈА НА НЕКОЛКУ ЛОКАЦИИ. НА УЛ.ШИШКА СЕ ПОСТАВИЈА ПЛАСТИЧНИ СТОЛБЧИЊА НА РАЗДЕЛНИТЕ ОСТРОВИ. ДОДЕКА ПАК НА УЛ.ДОМОВИЦА И УЛ.ЛАЗО АСИЈАТА СЕ ПОСТАВИЈА НОВИ СООБРАЌАЈНИ ЗНАЦИ.

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ КОНТИНУИРАНО РАБОТИ НА ЧИСТЕЊЕ НА ДИВИ ДЕПОНИИ НА ПОВЕЌЕ ЛОКАЦИИ.
ЈП КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ РАБОТЕШЕ НА ЧИСТЕЊЕ НА ДИВА ДЕПОНИЈА НА УЛ. ДИСАНКА, ОДНОСНО НА ПАТОТ ДО СПОМЕН КОСТУРНИЦА.





ПОДГОТОВКИ ЗА АСФАЛТИРАЊЕ НА УЛ.ДИМКАТА АНГЕЛОВ ГАБЕРОТ, КОЈА Е ВО РАМКИ НА “ПРОЕКТОТ ЗА ПОВРЗУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА” НА ПОВРШИНА ОД 3300М2 И ДОЛЖИНА ОД 520МЕТРИ, ОТКАКО ПРЕТХОДНО СЕ ИЗВАДИ СТАРИОТ АСФАЛТ И СЕ ИЗГРАДИ НОВ ФЕКАЛЕН КОЛЕКТОР ВО ДОЛЖИНА ОД 560 МЕТРИ СО КОРУГИРАНИ ЦЕВКИ Ф800.
ИЗВЕДУВАЧИ НА ПРОЕКТОТ СЕ ОСД СКОПЈЕ И ГРАДБА ПРОМЕТ.

ВО НАЈКРИТИЧНИОТ ПЕРИОД ОД ГОДИНАТА КОГА СЕ ВО ПРАШАЊЕ ПОЖАРИТЕ НА ОТВОРЕНО, СЛУЖБИТЕ НА ЈП КОМУНАЛЕЦ ПОСТАВИЈА ХИДРАНТ ЗА ПОЖАР ВО ВИТАЧЕВО.







Ј.П. КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ ЗАВРШИ СО АФАЛТИРАЊЕ НА РОВОТ НА УЛ. БРУШАНСКА, ОДНОСНО ПРОКОПИ КАДЕ ПРЕТХОДНО БЕШЕ РЕКОНСТРУИРАНА КАНАЛИЗАЦИОНАТА ЛИНИЈА ВО ДОЛЖИНА ОД 180 МЕТРИ.

ЗАПОЧНА РЕКОНСТРУКЦИЈАТА НА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА НА БУЛЕВАР МАКЕДОНИЈА, ВО ДОЛЖИНА ОД 68ММ СО КОРУГИРАНИ ЦЕВКИ Ф315.
ЦЕЛТТА НА ОВАА РЕКОНСТРУКЦИЈА Е КОНЕЧНО РЕШАВАЊЕ НА ДОЛГОГОДИШНИОТ ПРОБЛЕМ НА СТАНАРИТЕ КОИ ЖИВЕАТ ВО ОВОЈ ДЕЛ ОД ГРАДОТ.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

УШТЕ ЕДЕН СООБРАЌАЕН ПРОБЛЕМ ВО КАВАДАРЦИ Е РЕШЕН!
ПОСТОЕЧКИОТ ТРИАГОЛНИК КАЈ ЗГРАДИТЕ БЕЛКА ПРЕМИНА ВО КРУЖЕН ТЕК И ЦЕЛИОТ ТОЈ ДЕЛ СО ИЗГРАДБА НА НОВИТЕ СТАНБЕНИ ЗГРАДИ ЌЕ ДОБИЕ НОВ ЛИК.



АСФАЛТИРАЊЕ НА РОВОТ ВО НАСЕЛБА ГЛИШИЌ НА УЛ.27 МАРТ, ОТКАКО ПРЕТХОДНО ЈП КОМУНАЛЕЦ , ЈА РЕКОНСТРУИРАШЕ ФЕКАЛНАТА КАНАЛИЗАЦИЈА ВО ДОЛЖИНА ОД 500 МЕТРИ И ДОВОД НА ВОДА ЗА СПОРТСКИОТ ТЕРЕН. ОВАА ИНВЕСТИЦИЈА Е НА ЈП КОМУНАЛЕЦ ПО ПРОГРАМА ЗА 2023 ГОДИНА. ФИНАНСИСКАТА КОНСТРУКЦИЈА ИЗНЕСУВА 6 МИЛИОНИ ДЕНАРИ.









ЗАПОЧНАА ГРАДЕЖНИ АКТИВНОСТИ ЗА ПРОПУСТ НА РЕКА БЛАШНИЦА ВО СЕЛО КЛИНОВО, СО ШТО БИ СЕОВОЗМОЖИЛ ПРИСТАП ПО КОПНЕН ПАТ ДО МЕСНОСТА БЛАШНИЦА.
ИНВЕСТИЦИЈА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, ПО ПРОГРАМАТА НА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА ЗА 2023 ГОДИНА.
ИЗВЕДУВАЧ Е ФИРМАТА АС МАШИНИ.

АСФАЛТИРАЊЕ НА УДАРНИ ДУПКИ НА ПОВРШИНА ОД 140М2 НА ПАТОТ ЗА СЕЛО БОЈАНЧИШТЕ ПО ШТО СЕ ПРОДОЛЖУВА ИСТО И КОН СЕЛО ЧЕМЕРСКО НА ПОВРШИНА ОД 400М2. ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ИЗОЛАЦИЈА ДОО СКОПЈЕ.





ОПШТИНА КАВАДАРЦИ КОНТИНУИРАНО РАБОТИ НА ПОДИГАЊЕ НА НОВИ ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ.
ВО ТЕК СЕ ПОДГОТОВКИ ЗА ПОДИГАЊЕ НА НОВА ЗЕЛЕНА ПОВРШИНА НА УЛ.25 МАЈ

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ





АСФАЛТИРАЊЕ НА УЛИЦА „ВЕЉКО ВЛАХОВИЌ" НА ПОВРШИНА ОД 2710М2, КОЈА Е ВО РАМКИ НА "ПРОЕКТОТ ЗА ПОВРЗУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА".
НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ И СЕ ДОДЕЛЕНИ СРЕДСТВА ОД ВЛАДАТА НА МАКЕДОНИЈА ПРЕКУ ЗАЕМОТ НА СВЕТСКА БАНКА, ВО ИЗНОС ОД 1.112.010 ЕВРА КОЈ СЕ РЕАЛИЗИРА ОД СТРАНА НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ, А СО ЦЕЛ ПОДОБРУВАЊЕ НА ЛОКАЛНАТА ПАТНА ИНФРАСТРУКТУРА.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ СЕ ОСД СКОПЈЕ И ГРАДБА ПРОМЕТ.

СЕ ПРОДОЛЖУВА СО САНИРАЊЕ НА УДАРНИ ДУПКИ НА ПОВЕЌЕ ЛОКАЦИИ НИЗ ОПШТИНА КАВАДАРЦИ И ОКОЛНИТЕ МЕСТА. СЕ КРПЕА УДАРНИТЕ ДУПКИ ВО СЕЛО ЧЕМЕРСКО.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ИЗОЛАЦИЈА ДОО СКОПЈЕ



СЕ ПОПЛОЧУВААТ НЕКОЛКУ УЛИЦИ ВО СЕЛО ДАБНИШТЕ НА ПОВРШИНА ОД 300М2, ПО ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА ЗА 2023 ГОДИНА.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е АС МАШИНИ ДООЕЛ.





ПУШТЕНИ ВО УПОТРЕБА СЕ НОВИТЕ ДВЕ ВОЗИЛА ЗА ИЗНОС НА СМЕТ НА Ј.П. КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ.
ЗА УБАВО И ЧИСТО КАВАДАРЦИ!

БЕШЕ СПРОВЕДЕНО ВТОРОТО АВИОНСКО ТРЕТИРАЊЕ ПРОТИВ КОМАРЦИ ОД ВКУПНО ТРИ, НА ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ. ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТАТА Е ФИРМАТА БОНИЕР ОД КУМАНОВО.



# КАВАДАРЕЧКО КУЛТУРНО ЛЕТО

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ СО ПСД ОРЛЕ, ИМ ОВОЗМОЖИЈА НА СИТЕ ЗАИНТЕРЕСИРАНИ ДЕЦА ДА БИДАТ ДЕЛ ОД „ПЛАНИНАРСКИ АКТИВНОСТИ" КОИ СЕ ОДДРЖАА НА ГРАДСКИ ПАРК КАВАДАРЦИ!





ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ВО СОРАБОТКА СО ВИНСКИ МУЗЕЈ ЗА РЕГИОН ТИКВЕШ, ВО РАМКИ НА КАВАДАРЕЧКО КУЛТУРНО ЛЕТО 2023 ОРГАНИЗИРАШЕ ГУРМАНСКИ ВИКЕНД ЗА СИТЕ ГРАЃАНИ!

ПРВ ФЕСТИВАЛ НА ЧАЛГИСКА МУЗИКА „ВАТАША 2023" КАКО ДЕЛ ОД КАВАДАРЕЧКО КУЛТУРНО ЛЕТО






ЗАВРШИЈА СТРИТ БАСКЕТ НАТПРЕВАРИТЕ КОИ СЕ ОДРЖАА ДВА ДЕНА НА ГРАДСКИ ПЛОШТАД, ВО РАМКИ НА КАВАДАРЕЧКО КУЛТУРНО ЛЕТО 2023!
СЕ ОДИГРАА 10 НАТПРЕВАРИ ОД 5 ЕКИПИ, ОД КОИ НАЈГОЛЕМ БРОЈ ПОЕНИ ДОБИ ЕКИПАТА НА ТИМ БАСКЕТ СО ШТО ОСВОИ ПРВО МЕСТО И ДОБИ ПАРИЧНА НАГРАДА ОД 8000 ДЕНАРИ, ВТОРО МЕСТО ОСВОИ ЕКИПАТА НА ДПД САШКО ГЕШОВСКИ И ПАРИЧНА НАГРАДА ВО ВИСИНА ОД 6000 ДЕНАРИ, ТРЕТО МЕСТО ОСВОИ ЕКИПАТА НА ОВР КАВАДАРЦИ И ПАРИЧНА НАГРАДА ОД 4000ДЕНАРИ, И ЧЕТВРТО МЕСТО ОСВОИ ЕКИПАТА НА ДРЕКСЛМАЈЕР, ДОДЕКА ЗА СИТЕ УЧЕСНИЦИ СЛЕДУВАА БЛАГОДАРНИЦИ ЗА УЧЕСТВО!
ГОЛЕМА ПОСЕТЕНОСТ, ЗАДОВОЛНА ПУБЛИКА И НАЈВАЖНО ЗАДОВОЛНИ ИГРАЧИ!
КАВАДАРЦИ Е СПОРТСКИ ГРАД!



ГРАДСКИ ПЛОШТАД БЕШЕ МЕСТО ЗА ДРУЖЕЊЕ, ЗАБАВА СО АНИМАТОРИ И МАГИОНИЧАРСКИ ТРИКОВИ И НАСМЕАНИ ДЕЦА



# КАВАДАРЕЧКО КУЛТУРНО ЛЕТО

СПОРТСКИ ИГРИ НА ГРАДСКИОТ ПЛОШТАД! МНОГУ НАСМЕВКИ И СРЕЌНИ ЛИЦА




КАВАДАРЕЧКО КУЛТУРНО ЛЕТО СЕКОЈДНЕВНО ГО ИСПОЛНУВА УБАВИОТ ГРАДСКИ ПЛОШТАД. ИМАШЕ АРТ РОК ХЕПЕНИНГ СО МНОГУ ПОСЕТИТЕЛИ И НАСМЕАНИ ДЕЧИЊА.




ДЕТСКАТА НАСМЕВКА Е НАШЕТО НАЈГОЛЕМО БОГАТСТВО. СЕКОЈДНЕВНИТЕ НАСТАНИ ОД КАВАДАРЕЧКО КУЛТУРНО ЛЕТО ГО ИСПОЛНУВААТ ГРАДСКИОТ ПЛОШТАД СО МНОГУ ДЕЧИЊА, НАСМЕВКИ И МНОГУ ИГРИ.




ГОЛЕМ БРОЈ НАСМЕАНИ ЛИЦА ЈА ПРОСЛЕДИЈА ТЕАТАРСКО ТАНЦОВАТА ПРЕТСТАВА „SING" НА ГРАДСКИОТ ПЛОШТАД КАВАДАРЦИ КАВАДАРЕЧКО КУЛТУРНО ЛЕТО 2023





ВО РАМКИ НА "КАВАДАРЕЧКО КУЛТУРНО ЛЕТО 2023" СЕ ОДДРЖА РОК КОНЦЕРТОТ МАКЕДОНСКА РОК СЦЕНА "KAVADARCI NIGHT 2023".
УЧЕСТВУВАА РОК ГРУПИТЕ "BROKENDOWN" И "BAD ASS ALL" ОД КАВАДАРЦИ И "TROYA" ОД РАДОВИШ.




# НАСТАНИ

НА СОСТАНОК ВО КАБИНЕТОТ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ БЕШЕ АМБАСАДОРКАТА НА УКРАИНА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, Н.Е ЛАРИСА ДИР.
ТЕМАТА НА СОСТАНОКОТ БЕШЕ ИСКАЖУВАЊЕ БЛАГОДАРНОСТ СО ВРАЧУВАЊЕ НА БЛАГОДАРНИЦА ОД УКРАИНА ОД СТРАНА НА АМБАСАДОРКАТА ЗА ПРУЖЕНАТА ПОМОШ ОДНОСНО, ГОЛЕМАТА КОЛИЧИНА НА ИЗВОРСКА КОИ ТИЕ НЕОДАМНА ЈА ДОБИЈА ОД СТРАНА НА КОМПАНИЈАТА КОЖУВЧАНКА КАКО И ОД ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ И СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, ЗА КОНТИНУИРАНА ПОДДРШКА И ПОМОШ КОГА СЕ НАОЃАА ВО НАЈТЕШКИТЕ МОМЕНТИ.





ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ ИМАШЕ РАБОТЕН СОСТАНОК СО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ ПЕРО АНТИЌ И ЧЛЕНОВИ НА КОШАРКАРСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА, КАКО И ПРЕТСТАВНИЦИ ОД РАКОВОДСТВОТО НА ЕУРОНИКЕЛ ИНДУСТРИС. ТЕМА НА СОСТАНОКОТ БЕШЕ ОПСТОЈУВАЊЕТО И ПОНАТАМОШНОТО ФИНАНСИРАЊЕ НА КОШАРКАРСКИОТ КЛУБ.
ЗАТОА ШТО К.К ЕУРО НИКЕЛ Е ДЕЛ ОД КАВАДАРЦИ И КАВАДАРЧАНИ, И ЌЕ СЕ НАПРАВИ СЕ ШТО ТРЕБА ТАКА ДА ОСТАНЕ И ВО ИДНИНА!

СО ПОЛАГАЊЕ СВЕЖО ЦВЕЌЕ ПРЕД СПОМЕН БИСТАТА ВО МАРЕНА МУ СЕ ОДДАДЕ ДОСТОИНСТВЕНА ПОЧИТ НА БЛАШКО ТОЛЕВ.



КАВАДАРЕЧКО КУЛТУРНО ЛЕТО ВЕЌЕ НЕКОЛКУ НЕДЕЛИ ГО ПОЛНИ ГРАДСКИОТ ПЛОШТАД И УСПЕШНО СЕ СПРОВЕДУВА ЦЕЛАТА ПРОГРАМА.
ЗАДОВОЛСТВО Е КОГА ГРАЃАНИТЕ СО ИНТЕРЕС ГИ СЛЕДАТ СИТЕ НАСТАНИ.
BIBLIOTEKA FETKIN-KAVADARCI СО СВОЈ НАСТАН “ИЗЛОЖБА НА СТАРИ ИЗДАНИЈА ОД НОВА МАКЕДОНИЈА“ ЌЕ НЕ ВРАТИ ГОДИНИ НАНАЗАД ВО ВРЕМЕТО ПОМИНАТО, НО СО ЗАЧУВАНИ ИНФОРМАЦИИ. ВАЖНО Е ДА СЕ НАПОМЕНЕ ДЕКА ИЗДАНИЈА ОД 1946 ДО 2004 ТА ГОДИНА, ЗАЧУВАНИ НА ОВОЈ НАЧИН РЕТКО МОЖЕ ДА СЕ НАЈДАТ.
ДЕНЕС МОЖЕМЕ ДА СЕ ВРАТИМЕ НАЗАД ДО 1964 ТА ГОДИНИ И ДА ПОГЛЕДНЕМЕ ВО КОЈ ДЕН ШТО СЕ СЛУЧУВАЛО ВО МАКЕДОНИЈА И СВЕТОТ.





ФОНДАЦИЈАТА НИКОЛА ЈАНЧЕВ Е ФОРМИРАНА ВО 2018 ТА ГОДИНА И ИМА ЗА ЦЕЛ ПРЕКУ ХУМАНИТАРНИ АКТИВНОСТИ ФИНАНСИИТЕ ДА ГИ НАСОЧУВА КОН ОДРЕДЕНИ СЕГМЕНТИ ОД ОПШТЕСТВОТО КАКО ШТО СЕ ОБРАЗОВАНИЕ, ЖИВОТНА СРЕДИНА, СПОРТ И ЗДРАВЈЕ.
ОВАА ГОДИНА КОМИСИЈАТА ФОРМИРАНА ОД ЧЛЕНОВИ, ДИРЕКТОРИТЕ НА СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА И ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА КОМИСИЈАТА АКАДЕМИК БЛАЖО БОЕВ ЕДНОГЛАСНО ОДЛУЧИЈА ДА ДОДЕЛАТ 3 СТИПЕНДИИ НА НАЈДОБРИТЕ СРЕДНОШКОЛЦИ ВО КАВАДАРЦИ.
СТАНУВА ЗБОР ЗА МАЈКЛ ГЕОРГИЕВСКИ , ЗА КОНТИНУИРАНО ВИСОКИ ПОСТИГНУВАЊА ВО СФЕРАТА НА ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИТЕ НАУКИ, УЧЕНИК ВО ГИМН.ДОБРИ ДАСКАЛОВ. ПОТОА МЕРИ ЃОРЃИЕВА ОД КЛАСОТ ФАРМАЦИЈА, УЧЕНИК ВО ЗШУЦ ЃОРЧЕ ПЕТРОВ. И ВИКТОРИЈА АРСОВА ТЕХНИЧАР ЗА ИНДУСТРИСКА МЕХАТРОНИКА, УЧЕНИК ВО СОУ ЌИРО СПАНЏОВ БРКО.
ОСВЕН СТИПЕНДИИТЕ КОИ ГИ ДОБИЈА УЧЕНИЦИТЕ, И УЧИЛИШТАТА ДОБИЈА БЛАГОДАРНИЦИ И ЖЕЛБИ И ВО ИДНИНА ДА ИМААТ УЧЕНИЦИ СО ГОЛЕМИ КАПАЦИТЕТИ И АМБИЦИИ.
ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ КОЈ Е ОСНОВАЧ НА ОВАА ФОНДАЦИЈА РЕЧЕ: " МЛАДИТЕ СЕ НАШАТА ИДНИНА, НИЕ СМЕ ГОРДИ ШТО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ИМА УЧЕНИЦИ СО ВАКВИ УСПЕСИ, СЕ НАДЕВАМ ДЕКА ПО ЗАВРШУВАЊЕТО НА СВОЕТО ПОНАТАМОШНО ОБРАЗОВАНИЕ ЌЕ ОСТАНАТ ВО КАВАДАРЦИ И ЌЕ ПОМОГНАТ ЗА УШТЕ ПОГОЛЕМ РАЗВОЈ НА НАШАТА ОПШТИНА. ЈАС КАКО ГРАДОНАЧАЛНИК СЕКОГАШ ЌЕ ИМ БИДАМ ПОДДРШКА А ФОНДАЦИЈАТА НИКОЛА ЈАНЧЕВ, ПОСАКУВАМ, УШТЕ МНОГУ ГОДИНИ ДА БИДЕ ТУКА ЗА СИТЕ УСПЕШНИ УЧЕНИЦИ."


Општинско јавно гласило

**КАВ'ДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР**

**Издавач:** Општина Кавадарци - Локална самоуправа

**Уредник:** Лилјана Митрова

**Печати:** печатница Графо Пром Битола

**Насловна фотографија:** Тони Јошески

Тираж 300 броја

**Бесплатен примерок**

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

ул. М. Тито 66, 1430 Кавадарци, Р. Македонија
**kavadarci.gov.mk**